РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Сектор за царински систем

ПРЕДМЕТ: Известување за измена на Законот за девизно работење

Во Службен весник на Република Македонија број 81 од 07.07.2008 година објавени се измени на законот за девизно работење. Со измените на овој закон прекршоците утврдени во член 56-а став 1 т.22 и 28, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Царинска управа, односно Комисија за одлучување по прекршок. Измените се однесуваат на висина на глобата што се изрекува за сторен прекршок предвидени со овој закон, надзорен царински орган, надлежен оерган за водење и изрекување на прекршочни санкции, како и рокот на застареност за водење на прекршочна постапка.

Министарство за финансии – Царинска управа врши надзор над изнесувањето од Република Македонија и внесувањето во Република Македонија на ефективните домашни и странски пари, чекови и монетарно злато кои од Република Македонија ги изнесуваат, односно во Република Македонија ги внесуваат резиденти и нерезиденти или ги праќаат по поштенски пат. (Детално условите и висината се наведени во известување бр.11-

Висина на глоба:
Глоба во износ од 7.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на **правно лице резидент или неризедент**, ако:

1. внесува или изнесува ефективни домашни и странски пари, чекови и монетарно злато спротивно на условите утврдени од Владата на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.
2. при царинење на увозот царинската вредност не се утврди согласно чл.43 од Царинскиот закон.

Ако правно лице резидент или нерезидент, со некој од наведениот прекршок прибавило поголема имотна корист или предизвикало поголема имотна штета ќе му се изрече глоба до десеткратен износ од погоренаведениот.
Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на **одговорното лице во правното лице.**
Глоба до петкратен износ од претходниот став ќе се изрече на одговорното лице во правното лице резидент или нерезидент ако прекршокот го сторил од користољубие.
Доколку прекршокот е сторен од **физичко лице резидент и нерезидент** ќе се изрече глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност. Ако прекршокот е сторен од користољубие на физичкото лице ќе му се изрече глоба до двоен износ од претходно наведениот.
За сторениот прекршок ќе се изрече и посебна прекршочна санкција **забрана на вршење на одделна дејснот** и тоа:

- за правно лице во траење од најмалку три дена до најмногу 30 дена и
- за физичко лице во траење од најмалку три дена до најмногу 15 дена.

За прекршокот ќе се изрече и посебна прекршочна мерка **одземање на предмети** со кои бил извршен прекршокот или кои биле наменети за извршување на прекршокот или кои настанале со извршување на прекршокот. По исклучок на сторителот на прекршокот ќе се изврши одземање на најмалку 20% од предметите што се употребени, што биле наменети или што

Царинска управа на Република Македонија
Ул.Лазар Личеноски бр.13 1000 Скопје,Република Македонија
Телефони :++389 2 3 116 188 (Централа), 02 3 293 927 (Директор), Факс: 02 3 237 832
www.customs.gov.mk

настанале со извршување на прекршокот од физичко лице резидент или нерезидент, ако мотивите или други околности под кои прекршокот е извршен укажуваат дека не е оправдано предметот да се одземе во целост.
За прекршокот наведен во точка 1 од овој допис ќе се изрече посебна прекршочна мерка **одземање на превозното, односно преносното средство** ако било користено за сокривање на предметот на прекршокот и ако вредноста на предметот на прекршокот е поголема од една третина од царинската основица од превозното, односно преносното средство.

Постапка:
За прекршоците наведени во точка 1 и 2 на оваа известување, надлежен орган за водење на постапката и за изрекување на санкции е Царинска управа, односно Комисија за одлучување по прекршок. За текот на постапката, роковите за застареност, како и постапување со одземени предмети, Насока ќе изготви Комисија за прекршоци.

Директор
Ванчо Каргов